**20121343341**

**АГЕНЦИЈАТА ЗА РЕГУЛИРАЊЕ НА ЖЕЛЕЗНИЧКИОТ СЕКТОР**

Врз основа на член 20, став (4) од Законот за железничкиот систем („Службен весник на Република Македонија" бр. 48/10, 23/11 и 80/12), Управниот одбор на Агенцијата за регулирање на железничкиот сектор, донесе

# Т А Р И Ф Н И К
# ЗА ВИСИНАТА НА НАДОМЕСТОКОТ ЗА ИЗДАВАЊЕ НА ДОЗВОЛА ЗА ВРШЕЊЕ НА ПРЕВОЗ ЗА СОПСТВЕНИ ПОТРЕБИ

Член 1

Со овој тарифник се утврдува висината на надоместокот за издавање на дозвола за вршење на превоз за сопствени потреби.

Член 2

При поднесување на барањето за издавање/изменување на дозвола за вршење на превоз за сопствени потреби, се плаќа такса во висина од 30.000,00 денари на сметка на Агенцијата, со дознака – барање за издавање дозвола за вршење на превоз за сопствени потреби.

Член 3

Висината на надоместокот за издавање на нова дозвола за вршење на превоз за сопствени потреби изнесува 5.000 евра, во денарска противвредност според средниот курс на Народната банка на Република Македонија на денот на уплатата.

Член 4

Висината на надоместокот за измени во постојната дозвола за вршење на превоз за сопствени потреби изнесува 800 евра во денарска противвредност според средниот курс на Народната банка на Република Македонија на денот на уплатата.

Член 5

Таксата и надоместоците за издавање/изменување на дозвола за вршење на превоз за сопствени потреби се уплаќаат на сметка на Агенцијата за регулирање на железничкиот сектор, објавена на веб страната на Агенцијата.

Член 6

Овој тарифник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

Број 01-410/1
22 октомври 2012 година
Скопје

Агенција за регулирање
на железничкиот сектор
Претседател на Управен одбор,
**Силвана Мојсовска,** с.р.